ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

19 август 2022 година, Гевгелија Број 10 Година XXXXI

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 23 став (3) од Законот за угостителската дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 71/16 год. и "Службен весник на РСМ" бр.31/20 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе

# ОДЛУКА
## за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши продолжување на работното време на угостителските објекти кои работат на подрачјето на Општина Гевгелија, за време од два часа од регистрираното работно време на угостителскиот објект.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од два часа важи за 27.08.2022 година (сабота), по повод одржувањето на "Бела ноќ".

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1783/1
17.08.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**

------------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе

# ОДЛУКА

**за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува исплата на финансиски средства во висина од 500.000 денари како финансиска помош за ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Гевгелија заради итната потреба за набавка на нов гинеколошки ЕХО апарат 3Д/4Д за потребите на Одделот за гинекологија и акушерство.

**Член 2**

Финансиските средства ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година од Основниот буџет, Програма А0 – Совет на Општина Гевгелија потставка 412110-Постојана резерва (непредвидливи расходи), а ќе се преведат на сметка на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Гевгелија заради итната потреба за набавка на нов гинеколошки ЕХО апарат 3Д/4Д за потребите на Одделот за гинекологија и акушерство.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1784/1
17.08.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**

------------------------------------

Врз основа на член 43 став (2) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02 год.), член 23 став (1) точка 2 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), член 60 став (1) точка 3 и член 142 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.5/07 и 21/07 год.), а во врска со член 38 став (1) точки 43 и 44 од Статутот на Општина Гевгелија ("Службен гласник на Општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21 и 05/21 год.), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на 17.08.2022 година, донесе

# ОДЛУКА

## за исплата на финансиска помош за лицето Емилија Николовска за медицински третман во странство

### Член 1

Со оваа Одлука се одобрува исплата на финансиски средства во висина од 300.000 денари за лицето Емилија Николовска за медицински третман во странство.

### Член 2

Финансиските средства ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година од Основниот буџет, Програма Д0 – Градоначалник ставка 464990-други трансфери, а ќе се исплати на сметка 270700024713124 на име на родителот Лидија Николовска.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гевгелија".

Бр.09-1785/1
17.08.2022 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија,
**Патрик Матх, с.р.**

----------------------------------

## СОДРЖИНА:

## АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

1.Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти во Општина Гевгелија.........................................................................660
2.Одлука за исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година...............................................................................661
3.Одлука за исплата на финансиска помош за лицето Емилија Николовска за медицински третман во странство...........................................662

*"Службен гласник на Општина Гевгелија". Излегува по потреба.*
*Издава и уредува: Одделение за правни работи воОпштина Гевгелија*

.